# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН










**ОПШТИНА
КАРПОШ
НЕДЕЛЕН
Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ
СО ЈАВНОСТА

# БЕСПЛАТНО ЛЕТУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

На денешната седумдесетта седница на Советот на Општина Карпош, советниците расправаа по вкупно четириесет и седум точки. Една од најхуманите, беше одобрување на финансиски средства за летување на ученици од Општина Карпош, чии семејства се наоѓаат во потешка материјална состојба.
Четириесет и пет граѓани, жители на Карпош 3 и Карпош 4, и оваа година ќе добијат бесплатно паркирање во Трговскиот центар „Скопје Сити Мол." Имено, бесплатен паркинг добиваат граѓаните кои живеат во непосредна близина на прометниот трговски центар.
Советниците се изјаснија позитивно за Предлог-Одлуката со која се определуваат стипендии за талентирани ученици, од основните општински училишта во Карпош за учебната 2017/2018 година.
На седницата беа усвоени мислењата за изведување на ученички екскурзии и други активности во училиштата во Општина Карпош, за учебната 2017/2018 година. Позитивно помина и предлогот за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор во основните училишта „Аврам Писевски", „Братство", „Вера Циривири-Трена", „Владо Тасевски", „Војдан Чернодриснки", „Јан Амос Коменски", „Петар Поп Арсов", и „Христијан Тодоровски- Карпош".
Советниците од Општина Карпош, ги усвоија заклучоците на Годишниот извештај за работата на десетте основни училишта, кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа за учебната 2016/2017 година. Со истата динамика беше одобрена и Годишната програма за работата на општинските основни училишта за учебната 2017/2018 година.



# ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО КАРПОШ ЦЕЛ НА ВАНДАЛИТЕ

Вчера, во доцните вечерни часови, уште едно детско катче во Општина Карпош се најде на удар на вандалите. Имено, од досега непознати сторители, вчера вечер, беше целосно демолирано детското игралиште во урбаната заедница „Влае 1". Ваквите деструктивни акти, за жал се одвиваат со застрашувачко темпо ширум целата локална самоуправа. Само пред една недела беа уништени скоро сите реквизити и урбана опрема кои Општината ги постави на детското игралиште во УЗ „Злокуќани". Не беше поштедено ниту детското игралиште во УЗ „Владо Тасевски" кое се наоѓа во близина на Млечниот ресторан. Неодамна беше отшрафена и детската лулашка, која беше поставена во рамките на новоотворениот парк во УЗ „Пецо Божиновски Кочо".

Досега, на мета на несовесните граѓани беа сите 60 детски игралишта, кои Општината ги изгради на својата територија. Индикативно е тоа, што ваквите немили настани се случуваат во последниве месец и половина, со зголемен интензитет особено во пресрет на локалните избори. Локалната самоуправа апелира до своите сожители, да се воздржат од ваквите деструктивни акти, бидејќи се работи игралишта и реквизити кои го разубавуваат јавниот простор, каде најмладите карпошани заедно со своите родители се дружат и социјализираат. Општина Карпош поднесе пријави против Н.Н. сторител до МВР и очекува, набрзо тие да бидат расветлени.



# ДА МУ ДАДЕМЕ НОВ ИЗГЛЕД НА СТАРИОТ МЕБЕЛ

Денеска, кај градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски се обратија госпоѓите Надица Кипровска и Орхидеја Огњановска со интересна идеја, која воедно претставува нивен мал бизнис. Нивната фирма се вика „Urban Old" и се занимава со собирање на стар мебел, кој потоа го реставрираат и му даваат нов современ изглед. Нивната идеја и инвентивност, навистина го изненадија позитивно, првиот човек на Општината.

За таа цел, ги повикуваме сите граѓани од Карпош кои сакаат да се ослободат од стариот непотребен мебел, тоа да го сторат обраќајќи ни се на општинската интернет и фејсбук страница или пак, на следниве e-mail адреси: gradonacalnik@karpos.gov.mk; kontakt@karpos.gov.mk;

Доколку постои интерес, Општина Карпош ќе помогне овој кооперативен однос да заживее.

За повеќе информации можете да ја посетите интернет страната urbanold.com; фејсбук фан-страната urbanold.on; или пак контактирајте преку електронската пошта urbanold.on@gmail.com



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

Денеска, Општина Карпош презема активност за менување на кошаркарските табли и обрачи, кои беа демолирани и украдени од спортските игралишта кои се наоѓаат во месноста Куршумица (населба Жданец)и ООУ Петар Поп Арсов (населба Карпош 4).





# ПРОДОЛЖУВА АКЦИЈАТА ЗА ПРОМЕНА НА АЗБЕСТНИ ПОКРИВИ ВО КАРПОШ

Општина Карпош ќе додели нови 6.000 м2 квадратни покривен лим. Оваа донација на покривен лим ќе биде доделена на сопственици на приватни станбени објекти кои се пријавиле на оглас распишан од страна на Општината. Оваа година, многу повеќе граѓани се обратија до Општина Карпош, за замена на покривите. Поддршка побараа 174 индивидуални објекти, како и 43 колективни згради . Досега комплетна документација до локалната самоуправа, достави ја 43 граѓани, на кои покривниот лим ќе им биде испорачан веќе од почетокот на наредната седмица. Карпошани своите азбестни покриви ќе ги заменат со овој висококвалитетен пластифициран лим. Локалната самоуправа спроведува акција со која е предвидено до 2020 година, сите азбестни покриви на колективни и индивидуални станбени објекти да бидат заменети со нови.

# ПРОШИРЕНА УЛИЦАТА 6 ВО БАРДОВЦИ

Денеска, Општина Карпош спроведе градежна активност во населбата Бардовци, каде што изврши проширување на улица 6, со поставување на нови рабници. Коловозот се протега во просечна широчина од 3,40 метри.



# ГРАДЕЖНА ЛЕТНА „ОФАНЗИВА“ ВО БАРДОВЦИ

Општина Карпош и во текот на летните горештини, продолжува со несмален интензитет на асфалтирање и реконструирање на улиците. Денеска, во населеното место Бардовци, се асфалтираше кракот во должина од 200 метри на улицита „6“, после црквата Св „Тројца“. Должината на асфалтираниот крак од оваа улица ќе биде 320 метри. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски истакна дека во текот на летниот период, уште дваесет и девет улици во населбата Бардовци ќе бидат поплочени со бекатон плочки. Првиот човек на локалната самоуправа, нагласи дека следи проширување на улицата „6“, како и поставување на фекална канализација на улица „К“, која се наоѓа покрај железничката пруга која поминува низ оваа населба во Општината Карпош.



